The Royal Women's Hospital Women's Health Information

# Ендометриоза – информации за жените

*Март, 2004*

## Што е ендометриоза?

Ендометриоза е честа состојба која погодува околу 10% од жените.

Тоа е состојба при која ткивото кое обично ја покрива матката се наоѓа на невообичаени места во телото. Најчесто, ендометриозата се наоѓа во карличниот дел. Овие израслини може да предизвикаат бројни симптоми како што се болки во карличниот дел и неплодност.

## Кој е причинителот на оваа болест?

Точниот причинител на оваа болест сеуште не се знае. Најпопуларна теорија е дека за време на менструацијата менструалното ткиво поминува назад низ јајцеводите и во карлицата каде што се зацврстува и расте.

Изгледа дека ендометриозата е наследна, што значи дека ако вашата мајка или друга жена во семејството ја имала најверојатно и вие ќе ја добиете.

## Како се дијагностицира?

Лекарот ќе разговара со вас за симптомите и ќе направи физички преглед. Тоа ќе му пружи доволно информации да се посомнева дека имате ендометриоза.

Ако жената има ендометриоза во јајниците тоа ќе се покаже со ултразвук, но не секогаш. Најточна дијагноза може да се постави само со **лапароскопија** или пак со отворена операција.

Лапароскопијата е постапка кога мал телескоп се вметнува низ мал отвор во стомакот. За повеќе информации за лапароскопијата прочитајте во брошурата ***Лекување на ендометриозата со лапароскопија.***

Лапароскопијата е корисна за да се постави дијагноза, а исто така помага да се утврди колку сериозна е ендометриозата. Таа ќе му помогне и на лекарот да избере најдобар начин на лекување за вас.

За да се потврди дијагнозата ќе се направи и патолошки тест или 'биопсија'. Ова е важно зашто често пати ендометриозата се меша со други болести.

Во моментов во Австралија не постојат тестови за ендометриоза без користење на оперативна постапка.

## Кои проблеми може да ги предизвика?

Многу жени имаат ендометриоза без симптоми или проблеми, меѓутоа тоа не секогаш е случај.
Често симптомите од ендометриозата се:
- Болки при менструацијата
- Болки при сексуален однос
- Болки во карлицата вон времето на менструација
- Болки во грбот
- Недостаток на енергија
- Болки во стомакот.

Сите овие симптоми може да имаат и други причинители.

Кај некои жени кои имаат потешкотии да останат бремени се дијагностицира ендометриоза, иако немаат никакви симптоми.

## Како ендометриозата влијае на плодноста?

Постојат многу причини за неплодност, а може да има повеќе од една причина кај еден пар. Ендометриозата може да се најде кај жени кои имаат потешкотии да останат бремени. Кај некои од нив лузни на ткивото како последица од ендометриоза ќе предизвика запушување на јајцеводите.

Меѓутоа, кај повеќето жени не е познато како ендометриозата влијае на плодноста. Теориите велат дека енометриозата:
- Влијае да се создадат јајцеви клетки кои тешко ќе се оплодат
- Произведува природни отрови за спермата.

## Повеќе информации

**Центар за здравје на жената (RWH)**
(03) 8345 3045
1800 442 007 (бесплатен повик) Ел. пошта: whic@thewomens.org.au
http://www.thewomens.org.au

**Асоцијација за ендометриоза на Викторија**
567 Waterdale Road
Heidelberg West
Victoria 3081
Australia
(03) 9457 2933
http://www.endometriosis.org.au/

**Гинеколошко одделение при The Royal Women's Hospital**
Клиниката се наоѓа на приземјето од The Royal Women's Hospital
Телефон 8345 2000

## Други извори на информации за здравјето на жената кои може да ви користат

RWH располага со разновидни материјали на различни јазици на интернет. Ако сакате повеќе информации појдете на нашата интернет страна за промоција на здравјето. Адресата е http://www.thewomens.org.au

Можете да ја прашате и сестрата во The Royal Women's Hospital да ви даде отпечатен примерок од:

- *Лекување на ендометриозата*
- *Лекување на ендометриозата со лапароскопија*